# Системи за управување со БЗР:

## **Алатка** за постојано подобрување

International
Labour
Organization




## СВЕТСКИ ДЕН ЗА БЕЗБЕДНОСТ И ЗДРАВЈЕ ПРИ РАБОТА

**28 Април 2011 - www.ilo.org/safeday**

issa
Supported by the International
Social Security Association

СВЕТСКИ ДЕН ЗА БЕЗБЕДНОСТ И ЗДРАВЈЕ ПРИ РАБОТА

28 АПРИЛ 2011

# СИСТЕМИ ЗА УПРАВУВАЊЕ СО БЗР: АЛАТКА ЗА ПОСТОЈАНО ПОДОБРУВАЊЕ

МЕЃУНАРОДНА ОРГАНИЗАЦИЈА НА ТРУДОТ

Авторски права © Меѓународна организација на трудот 2011
Прво издание 2011 година

Системи за управување со БЗР :  алатка за постојано подобрување /  Меѓународна организација на трудот ; МОТ - Технички тим за поддршка на пристојната работа и Канцеларија за Централна и Источна Европа. - Скопје: МОТ, 2011
1 v.

ISBN: 9789228247398; 9789228247404 (web pdf)

International Labour Office; ILO Decent Work Technical Support Team and Country Office for Central and Eastern Europe occupational safety / occupational health / safety management
13.04.2

Also available in English:  OSH Management system: a tool for continual improvement (978-92-2-124740-1), Geneva, 2011.

ILO Cataloguing in Publication Data

Ознаките вклучени во изданијата на МОТ, коишто се во согласност со практиката на Обединетите нации и презентацијата на материјалот содржан во нив не упатува на каков било став на Меѓународната канцеларија на трудот во поглед на правниот статус на која било земја, област или територија или на нејзините власти или во поглед на нејзините граници.

Одговорноста за мислењата изнесени во потпишани статии, студии и други текстови ја сносат исклучиво нивните автори и Меѓународната канцеларија на трудот не стои зад мислењата изнесени во нив.

Упатувањата до називите на фирмите и комерцијалните производи и процеси и не вклучуваат одобрување од страна на Меѓународната канцеларија на трудот и секое неспоменување на одредена фирма, комерцијален производ или процес не е знак на неодобрување.

Изданијата на МОТ може да се добијат во поголемите книжарници или во локалните канцеларии на МОТ во многу земји или директно од ILO Publications, International Labour Office, CH-1211 Geneva 22, Switzerland.Каталозите или списоците со нови изданија се бесплатни и може да се нарачаат од горенаведената адреса или преку е-пошта:pubvente@ilo.org.

Посетете ја нашата интернет-страница: www.ilo.org/publns.

# Содржина


Вовед........................................................................................................ 1

Проценка на ризик и управување .................................................................. 1

Што е систем за управување со безбедност
и здравје при работа (СУБЗР)?...................................................................... 3

Патот кон СУБЗР ........................................................................................... 4

МОТ и СУБЗР ................................................................................................ 5

СУБЗР за национални системи...................................................................... 7

СУБЗР и организации (претпријатија)............................................................ 8

■ Ревизија.................................................................................................... 9

■ Учество на работниците ..........................................................................10

■ Мали претпријатија..................................................................................11

СУБЗР и високо ризични сектори..................................................................12

Хемикалии и СУБЗР.......................................................................................13

Конрола на главни опасности ........................................................................14

Нанотехнологии.............................................................................................15

Дали се системите за управување добри за БЗР?..........................................15

■ Предности на СУБЗР.................................................................................16

■ Ограничувања на СУБЗР...........................................................................17

Техничка соработка на МОТ за системи за управување
со безбедност и здравје при работа...............................................................19

Забелешки ....................................................................................................20

Користена литература...................................................................................21

Прилог 1 - Основни елементи на систем за управување
со безбедност и здравје при работа...............................................................22



# Вовед

Безбедноста и здравјето при работа (БЗР) е дисциплина која се занимава со превенција на повреди на работното место и болести поврзани со работата како и заштита и промовирање на здравјето на работниците. Насочена е кон подобрување на условите за работа и околината. Професионалното здравје опфаќа промоција и одржување на највисок можен степен на физичко и ментално здравје и социјална благосостојба на работниците во сите професии. Во овој контекст, предвидувањето, препознавањето, оценувањето и контролата на опасностите кои произлегуваат од работното место а можат да ги нарушат здравјето и добросостојбата на работниците, се основните принципи на процесот на проценка на ризикот и управување со БЗР. Можното влијание на непосредната околина и животната средина исто така треба да се земат во предвид.

Основниот процес на учење поврзан со намалување на опасностите и ризиците е корен на уште посовремените принципи кои денеска ја управуваат БЗР. Во денешно време, потребата да се следи галопирачката индустријализација и нејзината потреба од природно опасни извори на енергија, како што е употребата на нуклеарна енергија, транспортни системи и се покомплексни технолологии, доведоа до развој на пософистицирана проценка на ризик и методи на управување.

За сите области на човечка активност, мора да се воспостави рамнотежа помеѓу трошоците и придобивките кои произлегуваат од ризикот. Во случајот на БЗР, оваа комплексна рамнотежа е под влијание на многу фактори како што се брзиот научен и технолошки напредок, разновидниот и постојано променлив свет на работа, и економијата. Самиот факт дека примената на БЗР принципите, вклучува мобилизирање на сите општествени и научни дисциплини е јасна мерка за комплексноста на ова поле.

# Проценка на ризикот и управување

Концептот за опасност и ризик и нивната врска може лесно да доведе до забуна. Опасноста е внатрешно својство или потенцијал на некој производ, процес или ситуација да предизвика штета, негативни ефекти врз нечие здравје или да оштети нешто. Може да произлезе од хемиски (внатрешни својства), работа на скала (ситуација), струја, цилиндер со компресиран гас (потенцијална енергија), извор на оган или лизгав под. Ризикот е можноста или веројатноста дека едно лице ќе биде повредено или ќе искуси негативни здравствени ефекти ако е изложено на опасноста или дека одреден имот ќе биде оштетен или изгубен. Односот помеѓу опасноста и ризикот е изложеноста без оглед на тоа дали се работи за моментална или долгорочна изложеност, и е илустрирана преку следната едноставна равенка:

**ОПАСНОСТ x ИЗЛОЖЕНОСТ = РИЗИК**

Како што опишавме погоре, основната цел на БЗР е управување со професионалните ризици. За да може тоа да се оствари, треба да се изврши проценка на опасностите и ризиците со цел да се идентификува што може да предизвика штета на работниците или

имотот, за да можат да се развијат и преземат соодветни превентивни и заштитни мерки. Методот за проценка на ризик во пет чекори, прикажан подолу е развиен од Health and Safety Executive (HSE), Обединето Кралство, како едноставен пристап за управување со ризиците, особено во малите претпријатија и беше одобрен глобално:

**Табела 1.**

| | |
|---|---|
| **ЧЕКОР 1** | Идентифукување на опасностите |
| **ЧЕКОР 2** | Одлучување кој може да биде повреден и како |
| **ЧЕКОР 3** | Евалуација на ризиците и одбирање на мерките за претпазливост |
| **ЧЕКОР 4** | Евидентирање на наодите и имплементирање |
| **ЧЕКОР 5** | Прегледување на проценката и ажурирање по потреба |

Процедурата за проценка на ризикот може лесно да биде дизајнирана во однос на големината и дејноста на претпријатието, како и на достапните ресурси и вештини. Многу земји развија нивни сопствени водичи за проценки на ризик кои често се користат за регулаторни цели или развиле меѓународно прифатени стандарди.

Два процеси за проценка на ризик кои се основни за управување со професионалните ризици се одредени од границите за професионална изложеност (ГПИ) и воведување на листи за професионални болести. Поголемиот дел од индустријализирани земји воведуваат и одржуваат листи ГПИ листи. Овие граници ги покриваат хемиските, физичките (топлина, бучава, јонизирачки и нејонизирачки зрачења, студ) и биолошки штетности. Една од листите која се истакнува во однос на опсегот и силните научни процеси на ревидирање, и затоа се употребува како референца од другите земји, е Листата на прагови на вредности (ЛПВ) на Американската конференција на владини индустриски хигиенисти.

Вклучувањето на професионални болести во националните листи исто така се базира на процедури за проценка на опасностите и ризикот за идентификување и препознавање на професионалните болести заради обештетување. Истите се движат од болести како респираторни и кожни болести, мускулно скелетни заболувања и рак до ментални нарушувања. Листата на МОТ за професионални болести (ревидирана во 2010) им помага на земјите во креирање на нивните сопствени листи, во превенирање, евидентирање, пријавување и кога е можно, обештетување за болестите предизвикани од изложеност на работните места.



# Што е систем за управување со безбедност и здравје при работа (СУБЗР)

Концептот за системите за управување често пати се користи во процесот на донесување на одлуки во бизнисите и несвесно во секојдневниот живот, без оглед на тоа дали се работи за купување на опрема, проширување на бизнисот или пак избор на нов мебел. Примената на систем за управување со БЗР се базира на релевантни БЗР критериуми, стандарди и резултати. Системот е насочен кон обезбедување на методи за проценување и подобрување на резултатите во превенирање на инцидентите на работното место и несреќите преку ефективно управување со опасностите и ризиците на работното место. Логично е со метод кој се одвива во чекори да се одлучи што треба да се направи, како најдобро да се направи, да се следи напредокот кон поставените цели, да се оцени колку добро се остварени и да се идентификуваат областите за подобрување. Мора да биде прилагодлив кон промените во дејноста на организацијата и на законските барања.

**Слика 1: Циклусот на Деминг**




Овој концепт за процес е базиран на принципот на "Планирај-Направи-Провери- Делувај". Циклусот на Деминг (ПНПД), е создаден во 1950 со цел континуирано да се надгледуваат резултатите на бизнисот. Кога ќе се примени на БЗР, Планирај вклучува поставување на БЗР политика, планирање со вклучено распределба на ресурсите, обезбедување на вештини и организација на системот, идентификување на опасностите и проценка на ризикот. Чекорот Направи се однесува на реалната имплементација и функционирање на БЗР програмата. Чекорот Провери е посветен на мерење на активните и реактивните резултати на програмата. На крај чекорот Делувај го затвара циклусот со испитување на системот во контекст на постојано подобрување и креирање на основа на системот за следниот циклус.

Системот за управување е логична целина од алатки која е флексибилна и може да биде направена според обемот и дејноста на организацијата и ќе биде фокусиран на општите или специфичните опасности и ризици поврзани со таквата активност. Неговата комплексност може да се движи од едноставните потреби на мало претпријатие кое произведува еден производ, каде што опасностите и ризиците се лесни за идентификување, до индустрии со многубројни опасности и ризици, како рударство, нуклеарна енергија, хемиска индустрија или градежништво.



Системскиот пристап овозможува:

- Имплементирање на превентивни и заштитни мерки да се врши на ефикасен и сеопфатен начин;
- Воведување на значајни политики;
- Превземање на обврски;
- Сите елементи на работните места за кои треба да се проценат опасностите и ризиците да се земаат в предвид;
- Раководството и работниците да се вклучени во процесот, на нивното ниво на одговорност.

## Патот кон систем за управување со БЗР

Извештајот на Комитетот за безбедност и здравје при работа на Велика Британија, за состојбата на БЗР презентиран во 1972 (Robens Report, UK), објавија промена од индустриски специфицирани регулативи, во рамковна легислатива која ги покрива сите индустрии и работници. Тоа беше почеток на еден тренд кон посистемски пристап кон БЗР. Оваа промена на парадигмата беше вклучена во Актот на Обединетото Кралство за БЗР од 1974, како и во националните легислативи на другите индустријализирани земји. На меѓународно ниво Конвенцијата на МОТ за Безбедност и здравје при работа, од 1981 (бр. 155) и нејзината придружна Препорака (бр.164), ја потенцираше фундаменталната важност на трипартитното учество во имплементирањето на БЗР, на национално ниво и на ниво на организација. По неколку години, беше почуствувано дека растечката комплексност и брзата, променлива природа на светот на работата бара нови пристапи за одржување на безбедни и здрави работни услови и околина. Моделите за управување со бизнисот, дизајнирани за обезбедување на брз одговор на бизнис флуктуациите, преку постојано оценување на резултатите беа брзо идентификувани како посебни модели за развој на системски пристап кон управувањето со БЗР. Овој пристап беше веднаш одобрен како ефективен начин за овозможување на сеопфатна имплементација на БЗР мерките кои се фокусираат на континуирано проценување и подобрување на резултатите и саморегулација.

Како одговор на потребата за постојано намалување на повредите на работното место, болести, несреќи со фатален исход и со нив поврзаните трошоци, стратегии за зголемување на традиционалните команда-и-контрола, регулаторни и управувачки пристапи беа истражени за понатамошно подобрување на резултатите. Некои примери се: техники за безбедност базирани на однесувањето, , подобрено здравје и проценка на ризик и методи за ревизија како и шеми за системи за управување. Во последните години, воведувањето на модели на системи за БЗР, или како што сега се нарекува системски пристап кон управувањето со БЗР, го задржува вниманието на претпријатијата, владите и меѓународните организации како ветувачка стратегија за хармонизирање на барањата на БЗР и бизнисите, и осигурување на поефективно вклучување на работниците во имплементирањето на превентивните мерки.

Помина повеќе од една декада откако концептот на системи за управување со БЗР беше промовиран како ефективен начин за имплементирање на БЗР на работните места преку осигурување на интегрирање на овие барања во процесите на планирање и развој на



бизнисите. Значаен број на стандарди и водичи за Системи за управување со БЗР, беа развиени од професионални, владини и меѓународни тела со одговорности или интереси од областа на БЗР. Многу земји имаат формулирано национални БЗР стратегии кои исто така го интегрираат системскиот пристап за управување. На меѓународно ниво, МОТ во 2001 го објави водичот за системи за управување со БЗР (МОТ-БЗР 2001) кој поради својот трипартитен пристап стана широко употребуван модел за развој на национални стандарди во оваа област.

## МОТ и Системи за управување со БЗР

Пристапот на системи за управување со БЗР обезбеди поддршка, откако беше прифатен од ISO стандардите за квалитет (ISO 9000, серија) и подоцна за околина (ISO 14000 серија). Овој модел е базиран на системските теории развиени најпрво во природните и општествените науки, но исто така е сличен на механизмите за управување со бизнисот. Четири елементи кои се заеднички за системските теории се: влезни податоци, процес, излезни резултати и повратни информации.

Следејќи го прифаќањето на ISO 9000, стандардите за квалитет и ISO 14000 техничките стандарди за управување со животната средина во раните 1990, можноста за развој на ISO стандарди за Системи за управување со БЗР беше дискутирана на Меѓународна работилница на ISO во 1996. Веднаш стана очигледно дека бидејќи безбедноста и здравјето се однесува на заштитата на здравјето и животот на човечки суштества, истата веднаш е ставена како обврска на работодавачот во националната легислатива. Се појавија прашања во врска со етиката, правата и должностите и учеството на социјалните партнери кои исто така ги покренаа овие прашања. Стандард за управување во оваа област мора да биде вкоренет во принципите на МОТ БЗР стандардите како Конвенцијата за безбедност и здравје при работа, 1981 (бр.155) и не треба да биде третиран на ист начин како останатите работи поврзани со квалитетот и животната средина. Ова стана главен проблем или дебата и беше постигната евентуална согласност, дека со трипартитната структура и улогата на поставување на стандарди, МОТ беше најсоодветното тело за развој на меѓународен водич за Системи за управување со БЗР. Обидот на Британскиот институт за стандарди (BSI) во 1999 да развие стандарди за управување со БЗР под закрила на ISO, повторно беше пресретнат од меѓународни негодување кои резултираа во одложување на предлогот. Понатаму BSI разви водич за системи за управување со БЗР во форма на приватни технички стандарди (OHSAS) но ISO не.




По две години развој и меѓународно внимателно разгледување, Водичот на МОТ за системи за управување со БЗР (МОТ-БЗР 2001) беше конечно прифатен на трипартитен состанок на експерти во април 2001, следејќи го одобрувањето на управното тело на МОТ. Во 2007, управното тело го реафирмираше мандатот на МОТ за рабоите поврзани со БЗР, барајќи од МОТ да се воздржи од развој на меѓународни



стандарди за системи за управување со БЗР. МОТ-БЗР 2001 обезбедува единствен меѓународен модел, компатибилен со други стандарди и водичи за управувачки системи. Тие го рефлектираат трипартитниот пристап на МОТ и принципите дефинирани во нејзините меѓународни БЗР инструменти, особено Конвенцијата за безбедност и здравје при работа, 1981 (бр. 155). Нивните упатства се однесуваат на системско управување со БЗР на национално и на ниво на организација. Следниот дијаграм ги ефективно ги сумира чекорите за управување дефинирани во Водичот.

## МОТ прирачник за БЗРМС: Циклус на постојано подобрување





# Системи за управување со БЗР за национални системи

Безбедноста и здравјето при работа е комплексно поле за кое е потребна интервенција од многу различни дисциплини и вклученост на сите заинтересирани страни.  Соодветните институционални рамки за транспонирање на националната БЗР легислатива во акција, неизбежно ја рефлектираат нејзината комплексност. Како резултат, нивните инфраструктури овозможуваат многу побавна комуникација и механизми за донесување на одлуки, а со тоа и неизбежни потешкотии при континуираното прилагодување на променливиот свет на работата и следење на тие промени со соодветен чекор. Бидејќи и националните системи за БЗР кои ги регулираат БЗР барањата и претпријатијата кои треба да ги применат истите, мораат да се прилагодуваат кон овие континуирани промени, примената на системски пристап за управување е логичен чекор. Ако примената е систематска овој пристап ќе резултира во толку потребната сеопфатност, координација, поедноставување и забрзување на процесот на транспонирање на регулаторни барања во ефективни превентивни и заштитни мерки и проценка на усогласеноста.



© ILO

Целта на постојано подобрување кон постигнување и одржување на пристојни, бебедни и здрави работни услови и животна средина е промовирано во Глобалната стратегија на МОТ за БЗР од 2003. Концептот на примена на системите за управување со БЗР во националните БЗР системи, беше за прв пат вклучен во меѓународен стандард во 2006 кога Меѓународната трудова конференција на МОТ усвои Конвенција која се однесува на Промотивна рамка за безбедност и здравје при работа (бр.187) и нејзината придружна Препорака (бр.197). Основна цел на Конвенцијата е да обезбеди давање на повисок приоритет на БЗР во националните агенди и поттикнување на политичка обврзаност во трипартитен контекст за подобрување на БЗР. Конвенцијата има повеќе промотивна отколку нормативна содржина и се базира на два фундаментални концепти, развој и одржување на превентивна БЗР култура и примена на системски пристап на управување со БЗР на национално ниво. Конвенцијата ги дефинира во општи услови елементите и функцијата на националната политика, националниот систем и националната програма.

Клучен оперативен елемент е развој на национални БЗР програми кои треба да бидат одобрени од највисоките владини авторитети за да се обезбеди широка свесност на национална обврзност. Примената на системскиот пристап на управување на национално ниво, претпоставува интегриран оперативен механизам за постојано подобрување кој опфаќа:

- Национален БЗР систем кој содржи инфраструктура за имплементирање на национална политика и национална програма и ги координира националните регулаторни, технички и промотивни акции поврзани со БЗР;
- Национална БЗР програма која ги дефинира националните цели релевантни за БЗР во предодредена временска рамка, воведувајќи приоритети и средства за акција развиени

преку анализа на националната БЗР ситуација, како што е сумирано од Националниот БЗР профил;

- Механизам за прегледување на излезните резултати од националната програма, со поглед кон проценетиот напредок и дефинирање на нови цели и акции за следниот циклус.

Конвенцијата бр. 187 ја подвлекува важноста на социјалниот дијалог и целосното учество на сите заинтересирани страни во ова поле како предуслов за успешно управување со националниот БЗР систем. Образованието и обуките на сите нивоа исто така се сметаат за есенцијални за системот и неговото функционирање.

Системите за трудова инспекција се сеуште основниот формален линк помеѓу националните БЗР системи и организациите поврзани со работни односи и БЗР. Со соодветна обука, тие можат да играат одлучувачка улога во осигурување дека програмите за системи за управување со БЗР, вклучувајќи ги и механизмите за ревизија, се прилагодуваат на националните закони и регулативи.

Инструментите на МОТ се директно поврзани со управувањето со БЗР во претпријатијата, имено Конвенцијата на МОТ за БЗР, 1981 (бр.155), Промотивната рамка за БЗР Конвенцијата 2006 (бр.187) и МОТ-БЗР 2001 Водичот, ги дефинираат основните елементи и функции на рамката за управување со БЗР, и за националните системи и за претпријатијата. Иднината на системите за управување со БЗР лежи во постигнувањето на вистинската рамнотежа помеѓу доброволните и задолжителните пристапи кои ги рефлектираат локалните потреби и практики.

## Сиситеми за управување со БЗР и организации (претпријатија)



© ILO/Maillard J.

Во сите земји, воведувањето безбедноста и здравјето при работа и усогласеноста со барањата на националната легислатива и регулативи се одговорност и должност на работодавачот. Воведувањето на системски пристап кон управувањето со БЗР во организацијата (претпријатието) осигурува постојано оценување и одржување на нивото на превенција и заштита преку соодветни и навремени подобрувања.

Повеќето организации можат да имаат корист од концептот на систем за управување со БЗР, ако земат в предвид голем број на значајни принципи при одлучување да воведат системски пристап во управување со нивните БЗР програми. Системите за управување не се универзално средство и организациите треба внимателно да ги анализираат нивните потреби во однос на нивните средства, и во таа насока да го креираат нивниот систем. Ова може да се направи преку намалување



или редуцирање на формалноста. Раководството мора да биде сигурнао дека системот е дизајниран да ги подобри и да биде фокусиран на резултатите на превентивните и заштитните мерки, наместо на самиот себе. Исто така мора да се осигура дека ревизијата ќе придонесе кон постојано подобрување на процесот а нема да стане механизам за подобрување на резултатите од ревизијата.

## Ревизија

Еден од главните интереси за системите за управување со БЗР е капацитетот за мерење на резултатите на системот и дали тие со време се подобруваат. Квалитетот на ова мерење зависи од квалитетот на механизмот за ревизија кој се употребува, без оглед  на тоа дали е интерен или екстерен, и компетентноста на ревизорите. Генерално, ревизијата е следење на процесот од страна на компетентно лице или тим кои се независни од процесот. Периодичните ревизии се креирани со цел да помогнат во одредување дали Системот и неговите елементи се на место, дали е тој соодветен и дали е ефективен во овозможување на заштита на работниците и превенирање на несреќите. Исто така обезбедува средства за временско мерење на резултатите на системот.

Кога се планираат подобрувања, резултатите од ревизијата треба секогаш да бидат разгледувани во однос на другите податоци за резултатите на системот. Секој систем за ревизија треба да обезбеди насоки за следните подобрувања, наместо да става акцент на минатите успеси. Заклучокот на ревизијата треба да одреди дали имплементираниот систем за управување е ефективен во однос на задоволување на барањата и целите на БЗР политиките на компанијата, и дали промовира целосна вклученост на вработените; дали одговара на оценетите БЗР резултати и претходните ревизии; овозможува усогласеност со релевантните национални закони и регулативи, и ги исполнува целите кои се однесуваат на постојано подобрување и најдобра БЗР практика. Ревизијата бара добра комуникација во рамки на организацијата, за да може при ревизијата луѓето да ги обезбедат потребните информации во форма на документи, извештаи, разговори или пристап до соодветните места. Добрите методи за комуникација се исто така потребни кога треба да се споделат информации од извршената ревизија.

Приватните сертификациски и ревизорски компании можат лесно да се најдат во конфликтна ситуација кога помагаат во поставувањето на системот за управување со БЗР и негова ревизија. Искуството со финансиските ревизии ни покажа дека може да биде тешко да се обезбеди реална независна ревизија кога има постоечка врска со ревизирите или кога цената на услугите станува главен движечки фактор. Изборот на ревизори и дефинирање на прецизните термини или препораки за извршување на ревизиите мора внимателно да се одреди со цел да се земе во предвид специфичниот профил на организацијата. Реално ефективен систем за ревизија е таков систем кај кој оние кои ќе бидат подложени на ревизија тоа со задоволство го очекуваат, и се надеваат на нови и корисни идеи за практични подобрувања. Доколку се ужаснуваат од ревизијата, потребно е подобрување на системот за ревизија, а не на оние кои се подложни на ревизија!

Без оглед на тоа дали барањата на системот за управување со БЗР се доброволни или задолжителни, организациите се потпираат на националните или професионално акредитираните тела за сертификација и ревизија со цел да го проценат своето придржување кон барањата на системот за управување со БЗР и резултатите од имплементирањето. Процесот на ревизија го комплетира системот преку обезбедување на независна проценка на резултатите и предложување на корективни акции и нови цели за понатамошни подобрувања.

# Учество на вработените



Системот за управување со БЗР не може соодветно да функционира без постоење на ефективен социјален дијалог, без оглед дали се однесува на заедничка безбедност и здравствени комитети или други механизми како колективни договори. Работниците и нивните претставници, треба да добијат можност, преку директна вклученост и консултација, целосно да учествуваат во управувањето со БЗР во организацијата. Системот е успешен само тогаш кога сте заинтересирани страни имаат дефинирани одговорности во неговото водење.

© ILO/Maillard J.

Основен принцип на системот за управување со БЗР е воведување на линиска одговорност на раководството, вклучувајќи значајна вклученост на вработените на сите ниво во организацијата, и со дефинирани БЗР одговорности. Беше демонстрирано повторно и повторно дека имплементирањето на БЗР, и уште повеќе на системот за управување со БЗР, може да биде успешно само ако сите заинтересирани страни целосно учествуваат во имплементацијата преку дијалог и соработка. Во случајот на системот за управување со БЗР, системот воден само од управата, без вклучување на вработените на пониски нивоа во хиерархијата е осуден на губење на фокусот и пропаст. Голем број на студии сугерираат на поврзаност помеѓу пониските стапки на повреди и постоењето на заеднички БЗР комитети и вклученост на синдикатите во организацијата. Други студии укажуваат на тоа дека учеството на вработените доведува до системи за управување со БЗР кои резултираат во подобрени БЗР резултати, кое уште повеќе доѓа до израз во синдикалните работни места.

Целосната учество на вработените е промовирано во сите МОТ БЗР стандарди, и особено во Конвенцијата на МОТ за безбедност и здравје при работа, 1981 (бр.155) и нејзината придружна препорака (бр.164) како и во Водичот на МОТ за системи за управување со БЗР. За да можат заедничките БЗР комитети и сличните уредувања да бидат ефективни, важно е да се обезбеди адекватна информација и обуки, да се воспостави ефективен социјален дијалог и механизми за комуникација, и работниците и нивните претставници да бидат вклучени во имплементирањето на БЗР мерките. Иако учеството во системот за управување со БЗР најчесто се подразбира како комуникација и размена на информации помеѓу вработените, вклучување на надворешните заинтересирани страни во имплементирање на мерките. Ова може да вклучи контролори, подизведувачи, соседни заедници и организации, клиенти и претпријатија, осигурителни друштва, акционери и потрошувачи како и меѓународни тела за поставување на стандарди.

Обуки за БЗР на сите нивоа од управители до работници, е главен елемент во имплементирањето на било која БЗР програма. Овие обуки треба да се вршат континуирано за да обезбедат знаење за системот и за инструкции за ажурирање во согласност со промените во организацијата. Во овој контекст каналите за комуникација помеѓу различните нивоа во организацијата мора да бидат ефективни и двострани, што значи дека на информациите и



грижите поврзани со БЗР, пренесени од работниците треба да им се посвети внимание и да се доставаат до највисокото раководство. Ова е пример за тоа како системот треба да се фокусира на луѓето.

## Мали претпријатија

Малите претпријатија кои најчесто имаат недоволно ресурси, можат исто така да спроведат ефективна проценка на ризик преку едноставни примери, како барање на податоци за безбедност при купување на производи и опрема, идентификување на опасностите поврзани со работата и соодветни обуки. Додека интегрирањето на барањата на БЗР во политиките на бизнисот и партиципативните механизми на големите претпријатија, посебно мултинационалните, е веќе воведен тренд, сепак се потребни големи напори за да им се помогне на малите претпријатија во имплементирањето на практичен, трошочно ефективен начин за воведување на некои елементи на системите за управување со БЗР во нивните БЗР практики. Некои мали и средни претпријатија можеби немаат целосно документиран систем за управување со БЗР но сепак ќе можат да прикажат јасно разбирање на опасностите и ризиците и ефективна контрола.

Бидејќи е потребно минимално ниво на вештини, техничко знаење и ресурси, ефективната примена на систем за управување со БЗР во малите претпријатија продолжува да биде застрашувачки предизвик. Напредокот во оваа област зависи од примарна превенција и полесен пристап кон основни информации и обуки за БЗР. Има голем број на чекори поврзани со системите за управување БЗР, кои треба да бидат поедноставени форми на проценка на ризик слични на чекор 1 од имплементирањето на системот.



© ILO/Maillard J.

Иако не се модел на систем, се базираат на основните методологии за примарна превенција презентирани на едноставен начин на малите претпријатија. Затоа треба да бидат прилагодени и да вклучат некои од основните елементи на системите за управување со БЗР, посебно оние поврзани со идентификување на ризиците и проценка на ризикот, како чекорите прикажани во Табела 1. Националната трудова инспекција со своите услуги обезбедува добра насока за обезбедување на совет и пропагирање на информација за едноставни начини за управување со професионалите ризици кај малите и средни претпријатија. И националните и меѓународните организации на работодавачи и работници имаат исто така важна улога во развојот и промовирањето на овие методи, како и овозможување на неопходни обуки.

Мултинационалните компании имаат важна улога во влијаење на нивните снабдувачи. Многу од нив се мали претпријатија. Сензитивноста на локалната култура може многу да го олесни прифаќањето на иновативни пристапи кон БЗР. Како што се повеќе претпријатија земаат активен интерес за Системите за управување со БЗР, безбедноста и здравјето и работните услови во развиените земји и земјите во развој треба да се подобри.

# Системи за управување со БЗР и ризични сектори

Како што демонстриравме погоре, основата за БЗР е управувањето со професионалните ризици. На некој начин системот за управување со БЗР е генерички метод кој може да биде дизајниран според управувањето со опасностите специфични за одредена индустрија или процес, посебно во високо ризичните индустрии каде што имплементирањето на превентивните и заштитни мерки  бара детална и организирана оценка на ризиците и следење на резултатите на комплексните системи за контрола, постојано. Некои од примерите наведени подолу ја опишуваат примената на системите за управување со БЗР во клучни ризични сектори на економската активност.



© ILO/Crozet M.

Градежната индустрија има висока стапка на професионални несреќи и работењето со повеќе изведувачи и подизведувачи на градилиштата е правило. Силен мотив за употреба на системи за управување со БЗР во овој сектор е тоа што истиот обезбедува заеднички шаблони за сите страни кои работат на градилиштето е хармонизирање на планирањето, имплементирањето и следењето на барањата на БЗР, како и градење на основа за ревизија на резултатите. Исто така ја олесува интеграцијата на потребите на БЗР во раните фази на комплексното дизајнирање и планирање, лицитирање и почетни фази на градежниот проект. Според тоа имплементирањето на интегрирани системи за управување во градежништвото е признаено како ефективна алатка за осигурување на сеопфатна интеграција на системи за управување со квалитет, животна средина и БЗР на работното место со многубројни заинтересирани страни. Рударството е уште една ризична индустрија каде што системот за управување со БЗР, со неговиот сеопфатен, постапен и логичен пристап може да биде ефективна алатка за намалување на професионалните повреди и болести. Поморскиот сектор е друг пример на високоризичен сектор.Трудовата конвенцијата на МОТ за поморство, 2006 ја промовираше подготовката на национални водичи и политики за системи за управување со БЗР и одредби, правила и прирачници за превенција на несреќите.



# Хемикалии и системи за управување со БЗР

Бидејќи хемикалиите се составен дел на нашата природна и урбана околина и нивната корист за општеството е од непроценлива важност, не постои друг избор освен да научиме ефективно да управуваме со нивните опасни несакани ефекти. За да бидат ефективни, стратегиите за хемиска безбедност, мора цврсто да се придржуваат кон општите принципи за БЗР, имено идентификацијата и карактеризацијата на опасностите, одредување на ризиците, проценка на изложеноста, и севкупна имплементација на системскиот пристап за постигнување на солидно управување со хемикалии. Ова управување бара интегриран пристап наместо изолирани мерки, особено кога некои од овие проблеми може често да имаат глобално влијание. Комплетното управување мора да го покрие целиот животен циклус на хемикалиите. Сите неодамнешни регулативи и стратегии промовираат солиден систем за управување со хемикалии на меѓународно, национално и ниво на организации, ги интегрираат принципите на системи за управување со БЗР.

Превенирањето на изложеност на опасни хемикалии е главен фокус на проценката на ризикот. Мултивладини и меѓународни организации како МОТ (ILO), СЗО (WHO), ПОНЖС (UNEP), ОХЗ (FAO) и (OECD), соработуваат во насока на создавање повеќе меѓународно признаени водичи за опасности и проценка на ризик кои се широко распространети и се користат како база за оценување на професионалните ризици. Глобално хармонизираниот систем за класификација и етикетирање на хемикалии (GHS), Меѓународните хемиски заштитни картички или Меѓународниот хемиски документ за проценка на Меѓународната програма за хемиска безбедност (IPCS) се примери за меѓународна внимателна проверка и соработка во оваа област.

Помеѓу големата колекција на МОТ БЗР стандарди, Конвенцијата на МОТ за хемикалии, 1990 (бр.170), обезбедува детална национална рамка за солидно управување со хемикалии, вклучувајќи формулирање, имплементирање и периодичнен преглед на сеопфатна политика, во договор со организациите на работници и работодавачи. Многу важна карактеристика на Конвенцијата се нејзините одредби кои се однесуваат на хемиските опасности и пренесување на безбедносни информации од производителите и ивозниците до корисниците. Придружната Препорака и Кодот за практика за безбедност при користење на хемикалии на работа 1993, обезбедува дополнителна помош. Друг важен меѓународен инструмент е инструментот на ПОНЖ (UNEP), од 2006 Стратегиски пристап за меѓународно управување со хемикалии (SAICM).



© ILO/Maillard J.

Регулативата на Европската Унија од 2007 за Регистрација, евалуација, авторизација и ограничување на хемикалии (REACH) бара регистрирање и генерирање на податоци за сите хемиски супстанции произведени или увезени во ЕУ над еден тон годишно. Канадскиот акт за заштита на животната средина, 1999 (CEPA 1999), е друг пример за легислатива која превзема пристап базиран на ризик за проценка и управување со новите и постојните хемиски супстанции на глобална база; два примери се Одговорна грижа и Управување со производите.

Ограничениот капацитет на малите и средни претпријатија за управување со изложеноста на хемикалии, во последно време доведе до развој на нов

пристап кон управувањето со хемикалии. Се вика Контролни рестрикциии се фокусира на контрола на изложеноста на оние хемикалии кои припаѓаат на “штетности”, а за секоја од нив има пропишани мерки базирани на класификацијата на хемикалии според меѓународни критериуми, количеството на хемикалии во употреба и нивната нестабилност/прашливост.

## Контрола на главните опасности

Хемиските и енергетските сектори (без оглед дали станува збор за нуклеарна енергија, јаглен или нафта) се високоризични сектори каде што системите за управување со БЗР првпат беа воведени. Поголемите индустриски несреќи како експлозијата на облак од пареа од циклохексан во Фликсборг, Обединето Кралство во 1974, истекувањето на бопал метил исоцијанид кое уби илјадници луѓе во Индија во 1984, експлозијата на нуклеарната централа во Чернобил во 1986, и експлозијата на амониум нитрат на AZF постројката во Франција во 2001, ги илустрираат катастрофалните капацитети на индустриските инсталации и последиците од лошото функционирање на управувањето со БЗР. Многу од овие настани го забрзаа развојот на регулаторни и технички алатки за поставување на многу ригорозни процедури поврзани со проценка на опасностите и ризиците.

Критичен елемент во процедурите за проценка на ризикот на ваквите инсталации е анализа на опасностите при дизајнот и оперативните фази. Некои добро документирани методи и техники за формализирање на проценката на опасностите се: Прелиминарната алализа на опасности (PHA), Студија за опасности и корисност (HAZOR), Анализа на стебло на дефекти (FTA), или Начини на влијаење на дефекти и Анализа на критичност (FMECA). Многу од овие методи беа развиени првобитно за индустријата за нуклеарна енергија и прилагодени на другите процеси. Овие алатки помагаат при идентификување на потенцијални начини на потфрлање на делови на процесот, предвидување на последици и развој на превентивни мерки и ефективна подготвеност за итни случаи и планови за реакција.

Поголем број индустријализирани земји имаат развиен регулаторен критериум за означување на индустриски инсталации како главни опасни инсталации за кои треба посебни и ригорозни мерки за БЗР. Директивата на ЕУ од 1996 “Seveso” 36/82/ЕС за контрола на главните опасности кои вклучуваат опасни супстанции, е добар пример за такви регулативи.




Конвенцијата на МОТ за превенција од големи индустриски несреќи, 1993 (бр.174) обезбедува системска и детална рамка за заштита на работниците, јавноста и животната средина од поголеми индустриски несреќи кои вклучуваат опасни супстанции како и ублажување на последиците на такви несреќи доколку се случат. Стандардите поставуваат систематско идентификување на поголемите опасни инсталации и нивна контрола, одговорности на работодавачите, компетентни авторитети и права и одговорности на работниците. Исто така ги дефинира одговорностите на земјите извознички. Придружната препорака (бр.181) содржи понатамошни одредби, на пример за меѓународен трансфер и брзо компензирање на жртвите на несреќите. Исто така предвидува земјите кои ја ратификувале да го земат во предвид и поврзаниот Код



за практика за превенирање на големи несреќи, 1991 при формулирање на нивните национални политики, а мултинационалните компани да ги обезбедат истите мерки во сите свои организации. МОТ исто така го разви и прирачникот за Контрола на големи опасности (1993) насочен кон помагање на земјите при развој на системи за контрола и програми за големи опасни инсталации.

## Нанотехнологии



© Fotolia IV

Примената на нанотехнологии и производство на наноматеријали и потенцијалните негативни ефекти врз здравјето на човекот од изложеност на честички помали од 100 нанометри е новата главна БЗР грижа. Проектираните наночестички можеби имаат хемиски, физички и биолошки својства, различни од оние на поголемите честици со сличен хемиски состав. Разгледување на литературата покажува дека некои изложувања на работа или во животната средина, на лимитиран број на проектирани нанноматеријали се пријавени, но потребни се многу повеќе податоци за да се карактеризираат здравствените ефекти и ефектите на околината поврзани со изложеноста на овие материјали. Некои владини и мултивладини организации, како Организацијата за економска соработка и развој (OECD) воспоставија работни групи за оценка на потенцијаното влијание на наноматеријалите на човечкото здравје и животната средина, дизајнот на класификацијата на опасностите и проценка на ризикот и управните мерки, и проценка на регулаторната вклученост на индустриското производство и употребата на наноматеријали. Оваа соработка е добар пример за примена на меѓународно проверена проценка на новите ризици.

## Дали системите за управување се добри за БЗР?

Системите за управување со БЗР не се универзални за зголемување на резултатите на организацијата и обезбедување на одржлива и безбедна работна околина. Како и секој друг метод, системот за управување со БЗР има свои предности и слабости, и неговата ефективност зависи од тоа како е тој разбран и применет. Додека повеќето организации најверојатно ќе имаат корист од целосен систем за управување со БЗР некои од нив можат да размислат за користење на помалку формален пристап за управување со БЗР. Одлуката за преминување кон систем за управување со БЗР некогаш е тешко да се оправда бидејќи разликата помеѓу програма и систем е многу мала. Програмскиот пристап, како оној промовиран во МОТ БЗР конвенцијата 1981 (бр.155) всушност содржи и системски карактеристики, а системските пристапи содржат програмски карактеристики. Ова е случај и со голем дел од националната БЗР легислатива. Како и да е, системите за управување и ја овозможуваат на заштитата можноста за воведување на механизам не само за континуирано проценување и подобрување на резултатите за БЗР, туки и за градење на превентивна

култура за заштита при работа, како што е дефинирано во Глобалната стратегија за БЗР (2003) на МОТ и Конвенцијата на МОТ за Промотивна рамка за безбедност и здравје при работа, 2006 (бр.187).


© ILO/Crozet M.

Резултатите на системот за управување со БЗР можат да бидат добри онолку колку е добар резултатот на целокупното управување со организацијата. Како сите методи има свои предности и слабости, кои треба да се знаат. Затоа е важно да се биде свесен за замките кои може да го попречат функционирањето на системот, но треба да се знае и дека сите елементи треба да бидат на место за да се осигури правилно функционирање и да се искористат важните предности кои ги овозможува овој систем. Мора да се има во предвид и фактот дека овие предности и слабости најчесто се применливи за средни и големи претпријатија кои ги имаат потребните финансиски и технички ресурси за целосно имплементирање на системот.

Многу е важно да се запомни дека системот за управување со БЗР е метод за управување а не БЗР програма. Затоа системскиот пристап за управување е онолку добар колку што е добра БЗР рамката или програмата во организацијата. Програмите за системи за управување со БЗР мора да се осигураат дека системот вклучува преглед на регулаторните барања и е ажуриран соодветно за нивно интегрирање. Детален генерички опис на елементите на систем за управување со БЗР во организацијата базиран на МОТ-БЗР 2001 е обезбеден во Прилог 1.

## Предности на систем за управување со БЗР

Сега е веќе признаено дека системскиот пристап за управување резултира во бројни предности при имплементирањето на БЗР, некои од кои веќе ги идентификувавме погоре. Системскиот пристап исто така со време ја прилагодува целосната програма за заштита при работа и со тоа одлуките за контрола на опасностите и намалувањето на ризикот напредуваат прогресивно. Други клучни предности се:

- Можност за интегрирање на барањата за БЗР во бизнис системите и изрaмнување на БЗР целите со целите на бизнисот, што пак резултира во подобро согледување на трошоците за имплементирање поврзани со контролна опрема и процеси, вештини, обуки и информации,
- Хармонизирање на БЗР барањата со други поврзани барања, посебно оние кои се однесуваат на квалитет и животна средина,
- Обезбедување на логичка рамка за воведување и водење на БЗР програма која ги следи сите елементи за кои е потребна акција и следење,
- Насочување и подобрување на механизмите за комуникација, политиките, процедурите, програмите и целите во согласност со сет од универзални правила,
- Применливост во различни културни и национални регулаторни системи,
- Воведување на корисност за околината при градење на превентивна култура за заштита при работа,



- Зајакнување на социјалниот дијалог,
- Разделување на БЗР одговорностите низ линиската управа вклучувајќи ги сите: управителите, вработените и работниците имаат дефинирани одговорности за ефективно имплементирање на системот,
- Прилагодување кон големината и активноста на организацијата, и на сите видови на опасности,
- Воведување на рамка за постојано подобрување, и
- Обезбедување на основа за оценување на резултатите



© ILO/Crozet M.

## Ограничувања на  систем за управување со БЗР

Додека потенцијалот на системите за управување со БЗР за подобрување на безбедноста и здравјето е неоспорна, има многу замки кои ако не се избегнат можат да доведат до неуспех. Корисноста на системите за управување со БЗР беше предмет на неколку студии, и беа подвлечени одреден број на потенцијално сериозни проблеми како:

- Креирањето на документи и извештаи мора да биде внимателно контролирано со цел да се избегне неуспех на целта на системот преку прекумерена излезна документација. Фокусот на човечкиот фактор може лесно да биде изгубен ако се стави акцент на барањата за документација отколку на луѓето,
- Нерамнотежа помеѓу процесот на управување (квалитет, БЗР, околина) мора да се избегне со цел да се спречи разделување на барањата и нееднаквост во фокусот. Недостигот на квалитетно планирање и целосна комуникација како претходница на воведување на програма за систем за управување со БЗР, може да предизвика сомневање и отпор на промени.
- Системот за управување со БЗР најчесто повеќе става акцент на безбедноста отколку на здравјето и затоа постои ризик од пропусти поврзани со професионални болести. Следењето на професионалното здравје на работниците мора да биде вклучено во системот  како важна и ефективна алатка за набљудување на здравјето на вработените на долг рок. Услугите поврзани со професионално здравје, онака како што се дефинирани во Конвенцијата на МОТ за услуги за професионално здравје, 1985 (бр.161) и нејзината придружна Препорака (бр.171) треба да биде составен дел на систем за управување со БЗР.



- Во зависност од големината на организацијата ресурсите кои се потребни за воспоставување на систем за управување со БЗР може да бидат значајни и да бидат предмет на реална оценка на целокупните трошоци, изразени преку време потребно за имплементирање, вештини и човечки ресурси потребни за инсталирање и функционирање на системот. Ова е особено важно кога се ограничени ресурсите.

## Клучни елементи за добар систем за управување со БЗР

- ✓ Направете соодветна проценка на потребите на организацијата во однос на нејзините средства,
- ✓ Прилагодете го системот за управување со БЗР соодветно,
- ✓ Осигурете се системот да остане фокусиран на резултатите од примена на заштитните и превентивните мерки,
- ✓ Секогаш имајте на ум дека е креиран за подообрување а не за да се оправда самиот себе,
- ✓ Осигурете се дека ревизијата придонесува за постојано подобрување а не е механизам за подобрување само на прегледаните резултати,
- ✓ Запомнете дека системскиот пристап за управување е добар колку што е добра рамката или програмата за БЗР во организацијата,
- ✓ Програмите за системи за управување со БЗР мора да функционираат во рамки на националната БЗР легислатива и организацијата мора да се осигури дека системот вклучува и прегледување на регулаторните барања и се ажурираат редовно за нивно интегрирање,
- ✓ Обуките поврзани со БЗР за имплементирање на системи за управување со БЗР треба да се изведуваат редовно на сите нивоа, од управата до работниците, и редовно ажурирани за обезбедување на знаење за системот и држење чекор со промените во организацијата,
- ✓ Каналите за комуникација помеѓу различните нивоа на организацијата имаат потреба системот да биде фокусиран на луѓето. Информациите и грижите поврзани со БЗР мораат да се движат во двата правци за да бидат ефективни, а оние кои доаѓаат од работниците на најниско ниво треба да се земат в предвид и да се пренесат до раководството,
- ✓ Системот за управување со БЗР не може да функционира соодветно без постоење на ефективен социјален дијалог (директна вклученост и консултација). На работниците и нивните претставници треба да им се овозможи целосно да учествуваат во управувањето со БЗР во организацијата без оглед на формата, комитети за БЗР или други механизми како колективни договори,
- ✓ Системот е успешен само тогаш кога на сите заинтересирани страни им се поделени одговорности за неговото функционирање,
- ✓ Системите за трудова инспекција сеуште се основна формална врска помеѓу националниот систем за бЗР и организациите од сферата на работни односи и БЗР. Со соодветни обуки, можат да имаат одлучувачка улога во осигурување дека програмите за системот за управување со БЗР, вклучувајќи ги и механизмите за ревизија, се усогласени си националните закони и регулативи,
- ✓ Иднината на системите за управување со БЗР лежи во постигнување на соодветна рамнотежа помеѓу доброволни и задолжителни пристапи. Трендот треба да биде насочен кон систем за имплементација кој е комбинација од доброволна основа и регулаторно надгледување, посебно во однос на механизмите за ревизија.



# Техничка соработка на МОТ за систем за управување со безбедност и здравје при работа

Од издавањето на МОТ-БЗР 2001, МОТ беше многу активна во обезбедувањето на техничка соработка за земјите заинтересирани за развој на нивен сопствен водич за системи за управување со БЗР. Курсеви на оваа тема се нудат од страна на Меѓународниот центар за обуки во Торино, Италија. Земји како Аргентина, Бразил, Израел и Ирска формално го признаа водичот на МОТ како модел за национална промоција или развој на водич за системи за управување со БЗР, прилагоден на нивните национални потреби. Франција го призна водичот на МОТ како единствен кој може да се применува за национална сертификација. Македонија самошто започна со 3-годишна програма за имплементирање на МОТ-БЗР 2001 во средни и големи претпријатија. Во Јапонија беше развиен прилагоден водич со користење на МОТ водичот како модел. Ова е Системи за управување со БЗР во градежништвото (COSHSM), водич креиран од Јапонското здружение за безбедност и здравје при работа во градежништвото (JCSHA) и Водичот за системи за управување со БЗР за производство креиран од Јапонското здружение за индустриска безбедност и здравје при работа (JISHA).

Единаесет CIS земји во 2007 усвоија нов меѓудржавен стандард – GOST 12.0.230-2007: “Стандард за безбедност на работа. Системи за управување со БЗР . Општи барања”, базиран на МОТ-БЗР 2001.



© ILO/Crozet M.

Добар индикатор за широко прифаќање на водичиот на МОТ е фактот дека е тој преведен на повеќе од 22 јазика и се користи во најмалку 30 земји. Водичот на МОТ брзо станува најпрепорачан и најмногу користен модел за развој на системи за управување со БЗР на национално ниво и на ниво на претпријатие. Овој генерички формат го прави лесен за употреба заедно со други стандарди за системи или да ги вклучи во интегрирани системи за управување, и го олеснува имплементирањето на барањата на БЗР од мултинационалните и меѓународните организации.

Многу од доброволните стандарди, без оглед на тоа дали се развиени од националните агенции или професионални тела, го користеле водичот МОТ-БЗР 2001 како модел, бидејќи ги рефлектира принципите промовирани од МОТ БЗР стандардите и беше развиен и усвоен на трипартитна основа и затоа е претставен од широк консензус за најефективен начин за управување со БЗР.

Иако организациите можат да употребуваат различни верзии на системи за управување со БЗР во зависност од националните барања и вклучениот сектор, сите овие стандарди го



интегрираат ПНПД моделот кој го спомнавме погоре. Голем број на технички стандарди и водичи за системи за управување со БЗР, дизајнирани за организации беа развиени од приватни тела како Американскиот национален институт за стандарди (ANSIZ10), или Британскиот институт за стандарди (BS OHSAS 18000). Во последните 20 години, голем број на земји го претставуваа имплементирањето на системи за БЗР во организациите преку голем број на доброволни или регулаторни механизми кои беа:

- Задолжителни, преку регулаторни мерки, барем за специфични работи (Индонезија, Норвешка, Сингапур),
- Национално применливи доброволни стандарди со поддршка од сертификациони механизми (Австралија и Нов Зеланд, Кина, Тајван, Тајланд),
- Доброволни преку промовиорање на национални водичи за системи за управување со БЗР издадени од национално тело (Хон Конг, Јапонија, Кореа),
- Доброволни преку усвојување на меѓународно признаени системи за управување со БЗР како МОТ-БЗР 2001 (Индија, Малезија),

## Забелешки

Во тек на изминатата декада, пристапот на системите за управување со БЗР стана многу популарен и беше воведен и во индустријализираните и во земјите во развој. Начините за промовирање на воведувањето варираат од законски задолжителни до доброволни. Искуството ни покажува дека системот за управување со БЗР е логична и корисна алатка за промовирање и постојано подобрување на резултатите на БЗР на ниво на организација. Клучни елементи за неговата успешна примена вклучуваат посветеност на раководството и активно учество на работниците во заедничката имплементација. Се очекува дека се повеќе земји ќе го интегрираат системот за управување со БЗР во националните БЗР програми како средство за стратешка промоција на развој на одржливи механизми за подобрување на БЗР во организациите.



# Користена литература:


1. International Labour Standards by subject, Occupational safety and health, ILO Internet site: http://www.ilo.org/ilolex/english/subjectE.htm#s12
2. Global Strategy on Occupational Safety and Health: Conclusions adopted by the International Labour Conference at its 91st Session, 2003. International Labour Office, 2004. http://www.ilo.org/safework/info/publications/lang--en/docName--WCMS_107535/index.htm
3. List of occupational diseases (revised 2010). Identification and recognition of occupational diseases: Criteria for incorporating diseases in the ILO list of occupational diseases (OSH 74). http://www.ilo.org/safework/publications/
4. Guidelines on occupational safety and health management systems. (ILO-OSH 2001). http://www.ilo.org/safework/info/publications/
5. General Survey concerning the Occupational Safety and Health Convention,1981 (No. 155), the Occupational Safety and Health Recommendation, 1981(No. 164), and the Protocol of 2002 to the Occupational Safety and Health Convention, 1981, International Labour Conference, 98th Session, 2009. Report III (Part 1B), International Labour Office, Geneva. ISBN 978-92-2-120636-1.
6. *Fundamental principles of occupational health and safety*, second edition, International Labour Office, Geneva, 2008
7. Background information for developing an ILO policy framework for hazardous substances, Sectoral Activities Programme, International Labour Office, Geneva, 2007 (MEPDHS/2007). http://www.ilo.org/public/english/dialogue/sector/techmeet/mepfhs07/mepfhs-r.pdf
8. ILO SafeWork: Information on Control banding: http://www.ilo.org/public/english/protection/safework/ctrl_banding/index.htm
9. Robens: Great Britain Committee on Safety and Health at Work: *Safety and health at work*, report of the Committee, 1970–72 (London, 1972).
10. Report of the OECD Workshop on the Safety of Manufactured Nanomaterials, 7–9 December 2005, Document No. ENV/JM/MONO(2006)19, available at http://www.oecd.org/ehs/.
11. Registration, Evaluation, Authorisation and Restriction of Chemicals (REACH) Regulation (EC) No 1907/2006 and Directive 2006/121/EC amending Directive 67/548/EEC were published in the Official Journal on 30 December 2006.
12. Strategic Approach to International Chemicals Management, 2006. United Nations Environment Programme (UNEP). http://www.chem.unep.ch/
13. International Council of Chemical Associations (ICCA) Responsible Care http://www.icca-chem.org/en/Home/ICCA-initiatives/Responsible-Care/
14. Work improvement and occupational safety and health management systems: Common features and research needs, Kazutaka Kogi, Industrial Health 2002, 40, 121-133.
15. Systems in focus: Guidance on occupational safety and health management systems, Institution of Occupational Safety and Health (IOSH), 2009. http://www.iosh.co.uk
16. Workplace Arrangements for OHS in the 21st Century, Professor David Walters, TUC Professor of Work Environment, School of Social Sciences, Cardiff University, United Kingdom, July 2003.



# Прилог 1
## Основни елементи на системи за управување со БЗР

### Политика

**БЗР политика:** Работодавачот, во консултација со работниците и нивните претставници, треба да обезбеди пишана БЗР политика.

**Учество на работникот:** Учеството на работникот е есенцијален елемент на системот за управување со БЗР на работното место.

### Организирање

**Одговорност и надлежност:** Работодавачот треба да има целосна одговорост за заштита на работникот, да обезбеди лидерство за БЗР активностите и се осигури дека БЗР е одговорност на линиското раководство кое е познато и прифатено на сите нивоа.

**Компетентност и обуки:** Неопходните барања на БЗР за компетентност треба да бидат дефинирани од работодавачот, а подготовките спроведени и одржувани за да овозможат комплетна компетентност на сите лице за спроведување на безбедносните аспекти на нивните должности и одговорности.

**Документација:** Во согласност со големината на работното место и природата на активностите, документацијата поврзана со БЗР треба да биде воведена, одржувана, проверувана, изменета по потреба, да биде комуницирана и достапна за сите на кои се однесува. Документацијата може да ја покрие БЗР политиката, одредените одговорности, значајните опасности на работното место и ризиците и подготовките за нивна превенција и контрола; евиденција за БЗР активности, повреди поврзани со работата, нарушено здравје, болести и инциденти, БЗР национални закони и регулативи; евиденција за изложување, следење на работната средина, податоци за следење на здравјето; резултати од набљудувањето; технички и административни процедури; инструкции и други релевантни внатрешни водичи.

**Комуникација:** Подготовки и процедури треба да бидат воведени и одржувани за добивање, документирање и соодветно одговарање на внатрешните и надворешните комуникации поврзани со БЗР; осигурување на внатрешна комуникација на БЗР информациите помеѓу релевантните нивоа и функции на работното место; и осигурување дека проблемите, идеите и влезните информации од работниците и нивните претставници за БЗР се добиени, земени во предвид и на нив е соодветно одговорено.

### Планирање и имплементација

**Иницијален преглед:** Постојниот систем за управување со БЗР и релевантните подготовки треба да бидат оценети со иницијален преглед, за обезбедување на база од која понатаму ќе се овозможи мерење на  постојаното подобрување на системот за управување со БЗР. Во случај да не постои систем, иницијалниот преглед треба послужи како база за воведување на систем за управување со БЗР. Иницијалниот преглед треба да биде извршен од компетентни лица, во консултација со работници и/или нивни претставници, онака како што е соодветно.

**Планирање, развој и имплементирање на системот:** Целта на планирањето е да се создаде систем кој поддржува: а)како минимум усогласеност со националните закони и регулативи; б) елементите на системот за управување со БЗР и ц) постојано подобрување во резултатите од БЗР. Треба да се направат соодветни подготовки за адекватно и соодветно БЗР планирање, базирано на резултатите од иницијалниот преглед, понатамошни прегледи или други податоци. Овие подготовки за планирање треба да придонесат за заштита на БЗР и треба да покријат развој и имплементирање на сите елементи на системот за управување со БЗР.



## Цели на безбедноста и здравјето при работа:

Во согласност со БЗР политиката и базирано на иницијални или понатамошни прегледи, мерливите БЗР цели и барања специфични за работното место треба да бидат воведени; овие треба да се соодветни на националните закони и регулативи; фокусирани кон постојано подобрување на БЗР и постигнување на најдобри БЗР резултати; реални и остварливи; документирани и комуницирани до сите функции и нивоа; периодично оценувани и по потреба ажурирани.

## Превенција на опасностите

**Превентивни и контролни мерки:** Опасностите и ризиците за безбедноста и здравјето на работниците треба да бидат идентификувани, да им се даде предност и да бидат проценувани континуирано. Превентивните и заштитните мерки треба да: а) ја елиминираат опасноста/ризикот, б) контролираат опасноста/ризикот на изворот преку соодветни мерки, ц)минимизираат опасноста/ризикот преку дизајнирање системи за безбедна работа, и д) онаму каде што постоечките опасности/ризици не можат да бидат контролирани со колективни мерки, работодавачот треба да обезбеди соодветна лична заштитна опрема, вклучувајќи облека, бесплатно и треба да имплементира мерки за обезбедување нејзино користење и одржување.

Процедурите за превенирање и контролирање на опасноста треба да бидат воведени и : а) да бидат прилагодени на опасностите и ризиците во организацијата, б) прегледани и модифицирани, по потреба, ц) да бидат усогласени со националните закони и регулативи и да рефлектираат добра практика, д) да ја земат во предвид состојбата на знаење, вклучувајќи информации или извештаи од организации како трудови инспекторати, служби за БЗР, и друго.

**Управување со промени:** Влијанието на БЗР на внатрешните промени (како персонал, нови процеси, работни процедури, организациона структура и набавки) и надворешните промени (на пример како резултат на дополнувања на националните закони и регулативи, организациски спојувања и развој на БЗР знаењето и технологијата) треба да се оцени и да се преземат чекори за споведување на промените. Идентификувањето на опасностите на работното место и проценката на ризикот треба да се спроведе пред било која модификација или воведување на нови работни методи, материјали, процеси или машини. Таква проценка треба да се врши со консултирање на вклучените работниции и нивните претставници, комитет за БЗР каде што е потребно. Имплементирањето на "одлука за промена" треба да обезбеди соодветно информирање и обука на сите засегнати страни.

**Подготвеност и реакција за вонредни ситуации:** Подготвеност за реагирање и соодветен одговор за итни случаи вклучува соодветни подготовки и нивно одржување преку редовни интерни обуки и информирање, комуникација со надворешни служби. Овие подготовки треба да го идентификуваат потенцијалот за несреќа или вонредна ситуација, и да ги поврзат со соодветната превенција на ризиците поврзани со нив. Треба да се воведат во соработка со надворешни служби и други тела кога е тоа применливо.

**Набавка:** Треба да се воспостават и одржуваат процедури кои ќе осигурат дека: а)усогласеноста со барањата за БЗР е идентфикувана, оценета и инкорпорирана во спецификациите за набавки и издавање, б)националните закони и регулативи и барањата на работното место се идентификувани пред набавката на стоки и услуги, ц) направени се подготовки за постигнување на прилагодување на барањата пред нивна примена.

**Договарање:** Треба да се направат подготовки за воведување и одржување на барањата за БЗР кои се применуваат за изведувачите и нивните вработени.

## Евалуација

**Следење и мерење на резултатите:** Процедурите за следење, мерење и евидентирање на БЗР резултатите редовно треба да биде развиено, воведено и периодично прегледувано. Одговорност, надлежност, и авторитет за набљудувањето на различните нивоа во структурата на управата треба да биде назначено.



Истражување на повредите поврзани со работата, нарушено здравје, болести и инциденти и нивното влијание врз БЗР резултатите: Истражување на потеклото и одредување на причините за повреди поврзани со работното место, нарушено здравје и инциденти, треба да идентификува било какви дефекти во системот за управување со БЗР и треба да се документира. Такви истраги треба да бидат извршени од компетентни лица, со соодветно учество на работниците и нивните претставници. Резултатите треба да да бидат пренесени до комитетот за БЗР, онаму каде што таков комитет постои, и тој треба да даде соодветни препораки. Податоците од истрагата и препораките треба да бидат пренесени до соодветните лица за корективни мерки, вклучена во прегледот на раководството и треба да се земе в предвид кај континуираните активности за подобрување. На извештаите кои произлегуваат од надворешните истражни агенции, како инспекторати и институции за социјално осигурување, треба да се реагира исто како на оние кои произлегуваат од интерните истраги, земајќи ја во предвид доверливоста.

**Ревизија:** Потребно е да се направат соодветни подготовки за изведување на периодични ревизии за сите елементи на системот за управување со БЗР, за да можат да се одредат резултатите на системот и неговата ефективност во заштита на работниците и превенирање на несреќи. Политиката и програмата за ревизија треба да се развијат, а тоа вклучува одредување на компетентност на ревизорот, обемот на ревизијата, фреквенцијата на ревизиите, методологијата и извештаите.

**Преглед на раководство:** Прегледите на раководството треба да бидат извршени периодично за да ја оценат целокупната стратегија на системот за управување со БЗР за да се одреди дали ги исполнува планираните цели изразени во резултати и потребите на работното место; треба да се базира на собраните податоци и преземените акции во тек на периодот што се прегледува, и идентификување на аспектите и приоритетите кои треба да бидат модифицирани за подобрување на резултатите и постигнување на целите.

## Акции за подобрување

**Превентивни и корективни мерки:** Треба да се направат и одржуваат соодветни подготовки за превентивни и корективни мерки, кои резултираат од набљудувањата и мерењата на системот за управување со БЗР, ревизиите и прегледот на раководството. Кога оцената на системот за управување со БЗР или други извори покажуваат дека превентивните и заштитните мерки за опасностите и ризиците се несоодветни или најверојатно ќе станат несоодветни, корективните мерки треба да бидат насочени кон хиерархијата на превентивни и контролни мерки, и комплетирани и документирани, како што е соодветно.

**Постојано подобрување:** Треба да се направат и одржуваат соодветни подготовки за постојано подобрување на релевантните елементи на системот за управување со БЗР и системот како целина. Овие подготовки треба да ги земат во предвид целите, информациите и податоците добиени од секој елемент на системот, вклучувајќи резултати од проценките, мерења на резултатите, истраги, препораки од ревизијата, излезните резултати од прегледот на раководството, препораки за подобрувања, промени во националните закони, регулативи и колективни договори, нови релевантни информации, било какви значајни технички или административни модификации во активностите на работното место, како резултат на здравствената заштита и програмите за промоција. Процесите и резултатите на безбедноста и здравјето на работното место треба да бидат споредени со други, со цел да се подобрат резултатите на БЗР.



За повеќе информации обратете се:
International Programme on Safety and Health
at Work and the Environment (SafeWork)

Tel:  +4122.799.67.15
Fax: +4122.799.68.78
Email: safeday@ilo.org
www.ilo.org/safeday